e - mail :jpstipion@yahoo.com 032/ 393 - 878 032/ 385 - 877: 032/ 393 - 878

Врз основа на член 45 став 1,2 и 3 од Законот за административни службеници (службен весник на РМ број 27/14,199/14,48/15,154/15,05/16,142/16,11/18,14/20, и 99/22), Правилникот за систематизација на работни места во ЈП „Стипион 2011"Штип број 0101-265/3 од 28.07.2023 година и Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за систематизација на работни места во ЈП„Стипион 2011" Штип број 0101-391/1 од 29.07.2024 година, ВД Директорот на ЈП „Стипион 2011" Штип на ден 19.03.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

## За избор на кандидати по јавен оглас за вработување на административни службеници во ЈП Стипион 2011 Штип

1. Во врска со објавениот јавен оглас за вработување на административени службеници во ЈП Стипион 2011 Штип се избираат следниве кандидати:

- за работното место **Советник за управување со човечки ресури и општи работи** (1 извршител) со шифра КДР 0102В01062 во Одделението за павни и општи работи,Сектор за правни и општи работии и јавни набавки се избира кандидатот **Марија Којзеклиска** со идентификациски код **В104F31.**

- за работното место **Соработник за евиденција на побарувања и обврски Одделение за финансии и сметководство** (1извршител) со шифра КДР 0102В03015 во Одделението за финансии и сметководство се избира кандидатот **Злата Трајчова** со идентификациски код **Е86658С.**

2. Избраните кандидати ќе бидат вработени на работните мести од претходните точки по конечноста на оваа одлука за што ќе се донесат решенија за вработување.

3.Одлуката за избор се доставува до избраните кандидати и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По барање на ЈП„Стипион 2011"Штип ,Агенцијата за администрација на ден 31.01.2025 година објави Јавен оглас број 35/2025 на својата интернет страна и во дневните весници „Вечер", „Нова Македонија" и „Коха". Со Решение бр. 10-292/5 од 10.02.2025 година од страна на Агенцијата за администраца е формирана Комисија за селекција на вработувања по објавениот јавен оглас број 35/2025 година за ЈП Стипион 2011 Штип .

Комисијата спроведе административна селекција на ден 17.02.2025 година. За работното место под реден број еден - Советник за управување со човечки ресури и општи работи беа пријавени пет кандидати од кои еден кандидат беше оценет како уредан, додека четири кандидати беа оценети како неуредни.

За работно место под реден број два- Соработник за евиденција на побарувања и обврски Одделение за финансии и сметководство, беа пријавени девет кандидати, од кои четири кандидати беа оценети како уредни, а пет кандидати беа оценети како неуредни .По спроведената административна селекција се изготви записник за извршена административна селекција бр. 10-292/6 од 17.02.2025.

На ден 14.03.2025 година беше спроведен испит за административен службеник од кои за работно место под реден број еден се јави еден кандидат кој успешно го положи испитот, а за работно место под реден број 2 од вкупно четири кандидати кои беа оценети како уредни, на испитот се јави еден кандидат, кој успешно го положи испитот.

По спроведување на испитот , Комисијата изготви записник број 10-292/7 од 14.03.2025

На 18.03.2025 година се спроведе проверка на веродостојност на доказите . За работното место под реден број еден и за работното место под реден број два , на терминот за проверка на веродостојоста на доказите се појавија кандидатите кои уредно ги поминаа претходните две фази и истите ги доставија потребните докумнети.
После спроведената постапка на веродостојност на доказите се пристапи кон интервју со кандидатот за работното место број еден и за кандидатот за работно место два , за што Комисијата состави записник за проверка на веродостојноста на доказите и спроведе интервју , по што се состави сзаписник број 10-292/9 од 18.03.2025.
По завршувањето на сите фази се изготви Конечна ранг листа на кадидати како и предлог за вработување на кандидатите број 10-292/10 по јавен оглас број 35/2025 , кој што беа доставен до ЈП Стипион 2011 Штип , на ден 19.03.2025 година .
Согласно ова ,се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:**
Незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба против оваа одлука до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изготвил,
Раководител на одделение за општо правни работи
Гордана Баток

ЈП „Стипион 2011"'Штип
ВД Директор,
Панче Стефановски

Доставено до:
-Агенција за администрација
-кандидатите
-архива